РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (''Сл.весник на РСМ'' бр.32/2020, бр.111/2023, бр.171/2024 и бр.224/2024), Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог - Детален урбанистички план за Градска Четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје**, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

По **Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од 10,395 ха., со следните граници :
Границите на планскиот опфат се:

- од север: со транзитна магистрала Бул. "Александар Македонски",
- од североисток со сервисна улица С3 "А" и С3 "Б", односно ул."Благоја Стефковски" (ул. "Магдалена Антова")
- од југоисток со градска магистрала ул. "15-ти Корпус" и
- од југозапад со сервисна улица С2 "А" и С2 "Б". Улиците С2-"А" и С2-"Б" (улица "1658")

Во рамките на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, се предвидени следните класи на намена:

- Б – комерцијални и деловни намени
  - Б2 – големи единици за трговија (над 200м$^2$ и/или повеќе од П+1 кат)
  - Б4 – деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
- В – јавни дејности и институции
  - В1 – образование и наука
  - В3 – култура
- Д – зеленило, рекреација и меморијални простори
  - Д1 – парковско и пејсажно зеленило
  - Д2 – заштитно и сообраќајно решение
- Е - инфраструктури
  - Е1 – сообраќајни, линиски и други инфраструктури

**Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1", во рок од 10 работни дена и тоа почнувајќи од **11.02.2025 год. до 24.02.2025 год.** секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот.

Повторната **јавна презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **13.02.2025 год**. со почеток во 10.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Анкетните листови за учество во повторната Јавна анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да достават забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови.

Бр.28-3/326/6
од 27.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски